# ЗА ВЕВЧАНИ
# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани вевчанци,

Одговорност и посебна чест ми е да бидам кандидат за градоначалник на Општина Вевчани.

Свесен сум за предизвикот, но во исто време апсолутно сум сигурен дека тоа ќе претставува огромна обврска, која ветувам дека ќе ја оправдам.

Мојот концепт е обединето Вевчани и Вевчани за сите луѓе, без разлика на партиската припадност. Време е да покажеме дека градоначалничката функција никако не смее да биде политичка и да претставува извор на делби и поделби. Напротив, таа треба да се извршува професионално и еднакво за сите луѓе. Оттука, ветувам дека поделби по која било основа нема да има. Ќе го слушам секој еден ваш проблем со кој се соочувате во секојдневното функционирање и живеење и, во рамките на надлежностите, заеднички ќе го изнаоѓаме решението. Нема нерешлив проблем! Потребно е решавање на сите т.н. „мали проблеми“. Потребно е решавање на сите реални проблеми за кои локалната самоуправа, всушност, и постои.

Драги мои сограѓани, ветувам дека во работењето секогаш ќе постапувам законски, независно, непристрасно, етички, одговорно и транспарентно, односно во ниту еден момент нема да ги доведам во прашање интегритетот и угледот на Општина Вевчани.

Мораме да им ја вратиме општината на граѓаните. Наместо општина раководена од поединци, ќе работиме на креирање средина во

која граѓаните ќе бидат активно вклучени во процесот на донесување одлуки на локално ниво и ќе бидат главни двигатели на промените и на локалниот развој. Од Вевчани да направиме место каде што градоначалникот е во служба на секој граѓанин, а не е власт. Заедно со општинската администрација, со Советот и со граѓаните, посветено ќе работиме за надминување на предизвиците на новото време.

Вработените во општинската администрација несомнено имаат капацитет за решавање на клучните инфраструктурни проблеми во Општината. Затоа сметам на нивната поддршка во реализацијата на зацртаните проекти. Континуирано ќе работиме на развој и имплементација на нови проекти за одржлив развој. Ќе продолжиме со инвестиции за поддршка на развојот на туризмот, особено на активниот туризам. Максимално ќе се ангажираме за подобрување на условите за развој на земјоделството во атарот на Општина Вевчани со реконструкција на каналите за наводнување и со подобрување на пристапните патишта до земјоделските површини. Максимално ќе ги поддржиме проектите и иницијативите од областа на културата, а посебен фокус ќе ни бидат и развојот на спортот и грижата за младите во Општина Вевчани.

Нашата стратешка определба е создавање услови за долгорочен локален економски развој. За таа цел, ќе отпочнеме со иницијатива за изработка и донесување на нов урбанистички план за Вевчани, како и нови урбанистички планови за клучни локации кои се од витално значење за развојот на Вевчани, а ќе бидат за следниве намени: мини индустриска зона, времено сместување, угостителство и туризам.

Мои сограѓани, пред вас излегувам со програма која има за цел да се решаваат реални проблеми и потреби со кои секојдневно се среќаваме сите ние.

Ве уверувам дека сите проекти кои се содржани во оваа програма ќе ги реализираме во четиригодишниот мандат, бидејќи во не многу далечното минато се докажа дека тоа што ќе го вети ВМРО-ДПМНЕ, знае и умее да го исполни.

Драги вевчанци,

Ја барам ВАШАТА поддршка за мене како кандидат за градоначалник на Вевчани, но воедно ја барам вашата поддршка и за кандидатската листа за советници предложена од ВМРО-ДПМНЕ.

Заеднички да ја направиме промената!

Да го направиме Вевчани за сите луѓе!

Искрено ваш,

Спасе Кочовски

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## РЕКОНСТРУКЦИЈА (БЕТОНИРАЊЕ) НА ГЛАВНИ КАНАЛИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ.

Проектот има за цел бетонирање на каналите за наводнување на земјоделските површини во атарот на Општина Вевчани. Секојдневно сме сведоци на поплавени земјоделски површини и излевање на вода по улиците на Вевчани поради дотраеноста на каналите за наводнување кои истовремено се користат и за одведување на атмосферски води. Неопходна е нивна реконструкција со цел трајно подобрување на системот за наводнување и одведување на атмосферските води во Вевчани.

## ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВЕВЧАНИ.

Донесувањето на нов Урбанистички план со кој ќе се овозможи проширување на градежната опфатеност во рамките на Општина Вевчани е од витално значење со цел создавање на услови како за изградба на нови домови за граѓаните на Вевчани така и за поголем локален економски развој на Општината.

## СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.

Целта на проектот е изработка на урбанистичка планска документација за клучни локации кои се од витално значење за развојот на Вевчани, а чија намена ќе биде: мини индустриска зона, времено сместување, угостителство и туризам. Со проектот се предвидува изработка на урбанистичко-планска документација за следните локации: м.в. „Суво Поле“; м.в. „Суво Поле 1“;, м.в. „Тумба Плешец“; м.в. „Дримски Ливади“; м.в. „Јанков Камен“; м.в.„Бели-брег“; м.в. „Смолејца“; м.в. „Попадина“ и др.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ.

Целта на овој проект е пробивање, чистење и тампонирање на пристапните патишта до нивите и обработливите површини. Со

овој проект значително ќе се подобри и олесни животот на граѓаните кои се занимаваат со земјоделство и ќе се овозможи полесен пристап до нивите и до другите обработливи површини.

## СОЗДАВАЊЕ НА ПРЕДУСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА АКТИВЕН ТУРИЗАМ.

Проектот опфаќа изградба и уредување на патеки за планински велосипедизам на планината Јабланица; доопремување на планинарскиот дом „Јанков камен“ во соработка со ПЕД „Црн камен 2257“ Вевчани, дополнителна набавка на велосипеди и обезбедување на простории за чување на велосипедите; изработка на интерактивна апликација за мобилен телефон за планински велосипедизам, која ќе вклучува презентација на геореферентни податоци (патеки за планински велосипедизам и за планинарење, природни и културни локации, туристички агенции, угостителски објекти и др.)

## СИСТЕМ 48.

Систем 48 претставува информатички систем чија примена ќе овозможи ефикасно решавање на проблемите на граѓаните од комунална природа во надлежност на Општината во рок од 48 часа од пријавувањето на проблемот. Со имплементацијата на овој систем граѓаните ќе добијат можност преку специјално развиена онлајн-платформа електронски да пријават комунален проблем (улично осветлување, општински инспекциски служби, собирање на смет, водовод и канализација, улици, патишта и тротоари, урбана опрема, паркови и зеленило, кучиња скитници, сообраќајна сигнализација и сл), кој Општината соодветно ќе го документира и анализира, а ќе има обврска во рок од 48 часа соодветно да одговори на примената пријава од граѓаните.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ НА ПРИРОДАТА „ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ“ И ПРОШИРУВАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ.

Со овој проект е предвидено целосна реконструкција на осветлувањето во Вевчанските извори, поставување на урбана опрема и проширување на содржините.

## УРЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКО МЕСТО „ЈАНКОВ КАМЕН“.

Со цел збогатување на туристичката понуда преку овој проект се планира системско и планско уредување на овој излетнички лока-

литет, со партерно уредување, осветлување, поставување на урбана опрема и збогатување на содржините во локалитетот.

### ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.

Целта на оваа програма е обезбедување на финансиски средства во буџетот на Општина Вевчани за финансирање на проекти од локален интерес кои ќе се распределуваат врз основа на јавен конкурс. Проектите ќе се разгледуваат и оценуваат од локален совет за развој на културата во Општина Вевчани. Со ова ќе се укине досегашната пракса, кога поддршката на проектите од областа на културата зависеше од желбата на градоначалникот.

### КРЕИРАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.

Во наредниов период посебен фокус ќе ставиме на создавање на услови за развој на спортот во Вевчани. Повторно ќе ја отвориме спортската сала за клупските спортови. Ќе го развиеме училишниот спорт. Ќе изработиме проект за изградба на игралиште за голем фудбал. Да го вратиме спортскиот дух во Вевчани.

### ПРИОРИТЕТ НА ВМРО-ДПМНЕ СЕ НИСКИ И РАМНИ ДАНОЦИ, А ОПШТИНА ВЕВЧАНИ НЕМА ДА ГИ ЗГОЛЕМУВА ДАНОЦИТЕ.

### СО ОДЛУКА НА СОВЕТ ЌЕ ЈА НАМАЛИМЕ ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ ЗА СИТЕ ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА.

Наплатата на оваа такса ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината. Законот дава можност општините да ја утврдуваат висината на оваа такса. Општина Вевчани ја има утврдено највисоката такса, ние ветуваме дека ќе ја утврдиме најниската според Законот за комунални такси.



# 3. В. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## 3.1. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

- **ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО**
- **ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС И ПОДДРШКА НА МСП**
- **ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ**
- **ПОДДРШКА НА ЗАНАЕЧИСТВОТО И МАЛИТЕ ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ**
- **ИЗГРАДБА НА СОЛАРЕН ПАРК „ТУМБА ПЛЕШЕЦ“**

Ќе отпочнеме иницијатива за изработка на урбанистичка планска документација, физибилити-студија и основен проект за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија со цел долгорочно зголемување на приходите на Општина Вевчани.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

(проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен вифи (wifi), проширување на оптичката мрежа)

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

(отворен податочен систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот)

## Е-ОПШТИНА

Проектот има за цел градење на функционална инфраструктура за обезбедување на е-услуги кон граѓаните, преку дигитализацијата на сите потребни компоненти. Со реализацијата на проектот ќе се придонесе за развивање на информатички систем со апликации и алатки што ќе им овозможат на граѓаните онлајн-пристап до општинските услуги. Со имплементацијата на современи алатки за дигитално работење граѓаните ќе имаат можност да поднесуваат барања, да вршат плаќања за општинските услуги и електронски да добиваат документи со користење на специјално дизајнирана веб-платформа и мобилна апликација, без да имаат потреба од физичко доаѓање во општинската зграда.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

## РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

(регионална патна инфраструктура и поврзаност)

## ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗГРАДБА НА КРАК НА РЕГИОНАЛЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ Р2240 НА ПОТЕГОТ „ШУРБАНОВИ ЛИВАДИ“ – „СМОЛЕЈЦА“, (ЗАОБИКОЛНИЦА 2).

Целта на проектот е отпочнување на постапка за изградба на Заобиколница 2 - регионален патен правец Р2240 на потегот од „Шурбанови ливади“ – „Смолејца“. Овој регионален пат е неопходен затоа што ќе овозможи пристап до позначајни туристички локалитети, како и полесно поврзување со населеното место Горна Белица и тој ќе биде од витално значење за идниот развој на Општина Вевчани.

## УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

(инвестиции во подобрување на локалната патна инфраструктура, градење на места за рекреација)

## УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ КАЈ НОВИОТ ПЛАНИРАН ХРАМ „УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“ ВО ЦЕНТАРОТ НА ВЕВЧАНИ.

Во соработка со Вевчанската парохија ќе се изработи идејно решение и основен проект за уредување на просторот кај новиот планиран храм „Успение на Пресвета Богородица“ во центарот на Вевчани.

## ДОИЗГРАДБА НА СЕРВИСНА УЛИЦА С4 (ВЕРДАНИ – СТВАНСКИ КУЌИ) ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

Целта на проектот е доизградба на сервисна улица С4 во Вевчани на потегот „Св.Петка – Средни Пот“ со која ќе се обезбеди пристап до голем број на површини за градење наменети за домување. Оваа улица се наоѓа во непосредна близина на населеното место Вевчани и е многу важна за понатамошниот развој на Вевчани.

- ## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ЛОКАЛНИ УЛИЦИ НИЗ ВЕВЧАНИ.

Предмет на реконструкција ќе бидат следните улици: „Стванци – Бебекој“; „Бералиште – Ивановци“; „Ќитанво плевне – Зелен пазар“; „Дејков мост – Детска градинка“; „Аврамов мост – Кожеј“ „Аврамој – Заобиколница“; „Русеј – Кутмичевица“; „Кеј - Крепо“; „Пржитој – Пешинци“; „Наној – Баткој“; „Трафо - Бубаној – Смолејца“; „Русеј – Смолејца“; „Попој – Млака“; „Шопев мост – Здравствен дом“; „Трафо – Варвара; „Центар – Вевчански извори“; „Каланој“; „Ќежој – Костојчини; и др.).

- ## ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

(нов одржлив концепт на урбанизација и домување)

- ## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА ИЗГРАДБА НА КУЌИ ЗА ДОМУВАЊЕ.

Целта на оваа мерка пред сè ќе биде да се спречи понатамошно бесправно градење, а воедно ќе се поттикне градењето на нови домови и ќе им се помогне на граѓаните со тоа што Општината ќе ја субвенционира изработката на техничката документација.

- ## ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВЕВЧАНИ.

- ## ИЗРАБОТКА НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ И ПРОЕКТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНОТО ЈАДРО НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ (ПЛОШТАД).

- ## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМЕН КАТАСТАР ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.

- ## ИЗРАБОТКА НА СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ ВО ВЕВЧАНИ.

Проектот има за цел креирање на сообраќајно решение за Вевчани, поставување на вертикална и хоризонтална патна сигнализација низ Вевчани и континуирано решавање на проблемот со паркинг-места во Вевчани.

- ## ПАРТЕРНО И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА СИТЕ ЈАВНИ ПОВРШИНИ НИЗ ВЕВЧАНИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НИЗ ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.

- ## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МОСТОВИТЕ „КОСТОЈЧИНИ“ И „РУСЕЈ“.

- ## ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

  Во рамките на проектот предвидено е: заштита и оградување на каптажи, прекидни комори и резервоари и преземање мерки за решавање на проблемот со недостатокот на вода за пиење во „Горна зона“ во летниот период.

- ## ИЗГРАДБА НА НОВИ КАНАЛИЗАЦИСКИ ЛИНИИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ВО ВЕВЧАНИ.

  Целта на проектот е реконструкција на дотраените и изградба на нови канализациски линии.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

- **МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ**

  (модернизација во согласност со ЕУ стандардите и подобрување на условите за учење).

- **НАБАВКА НА НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА И ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ ВЕВЧАНИ.**
- **МЕДИЈАТЕКА ВО РАМКИТЕ НА ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ ВЕВЧАНИ.**
- **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ.**

  Субвенционирање на приватни часови за изучување на англиски јазик на учениците од основното училиште.

- **КОФИНАНСИРАЊЕ НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ОБРАЗОВНИ ПРОЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ЕРАЗМУС + ПРОГРАМАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.**
- **ПОМАГАЊЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУОПШТИНСКИ, РЕГИОНАЛНИ, ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ.**
- **ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР.**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО КРУГОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ И НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ВО ВЕВЧАНИ.**



# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Јакнење на капацитетите на локалните граѓански организации со цел аплицирање на ЕУ проекти и интензивирање на соработка со ЕУ преку воспоставување на ЕУ локални информативни центри.

## ДОБРО УПРАВУВАНА ОПШТИНА

Општина Вевчани континуирано ќе презема мерки и активности кои имаат за цел да промовираат и обезбедат одговорно извршување на јавните работи и одговорно управување со јавните ресурси. Во таа насока, Општина Вевчани ќе развие и имплементира внатрешни процедури со цел примена на ‘12-те принципи на добро управување’, содржани во стратегијата за иновации и добро управување на локално ниво, одобрени со одлуката на Комитетот на министри на Советот на Европа во 2008 година и тоа: фер однесување на избори, фер застапување и учество; одговарање; ефективност и ефикасност; отвореност и транспарентност; владеење на правото; етичко однесување; компетивност и капацитет; иновативност и отвореност кон промени; одржливост и ориентираност на долг рок; добро финансиско управување; човекови права, културна разноликост и социјална кохезија; одговорност.

## ОПШТИНСКИ УСЛУГИ НА ЕДНО МЕСТО

Проектот има за цел отворање на општински граѓански сервис на приземјето од општинската зграда каде на едно место ќе биде интегрирано извршувањето на поголем дел од општинските услуги. На тој начин граѓаните ќе имаат можност на едно место да поднесат барање и да пријават проблем, да добијат информации, да вршат плаќање на комунални услуги и други општински услуги, наместо поединечно да се упатуваат до канцелариите на сите локални државни институции.

## ОПШТИНА БАЗИРАНА НА КВАЛИТЕТ

Целта на овој проект е континуирано и систематско унапредување на испораката, како и подобрување на квалитетот на општинските услуги на локално ниво преку одговорно планирање, управување

и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на јавната администрација. За таа цел, Општина Вевчани ќе пристапи кон воведување на меѓународниот стандард ИСО 9001, заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во јавниот сектор.

## ПАРТИЦИПАТИВНА ОПШТИНА

Континуирано ќе работиме на развој на механизми за зголемено непосредно и онлајн-учество на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво. Преку јавни консултации и анкети, разговори со фокус-групи и формирање на локални совети од одредени области, ќе се даде простор на граѓаните за активно учество во работата на Општината и креирање на локалниот буџет.

## ОПШТИНА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Имајќи предвид дека корупцијата претставува сериозна закана за владеењето на правото, демократијата, човековите права и слободи, еднаквоста и социјалната правда и сериозно го поткопува развојот и ја загрозува стабилноста на демократските институции, како и моралните основи на општеството, неопходно е преземање мерки и активности со цел бескомпромисна борба со корупцијата на локално ниво. Во рамките на овој проект, Општина Вевчани максимално ќе се посвети кон развој на интерен систем кој ќе овозможи доследна примена на сите законски решенија и подзаконски акти, стратегии и политики во насока на заштита на јавниот интерес и спречување на корупцијата и судирот на интереси при извршувањето на своите надлежности.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

Возобновување на соработката со партнерската Општина Ковачица од Република Србија и Општина Херманвил-сур-мер од Република Франција и иницирање на соработка со нови општини од ЕУ со цел реализација на меѓународни проекти.



# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА.

Воведување на концептот на циркуларна економија преку паметно управување со отпадот и материјалите и целосен третман на отпадните води.

## ИЗРАБОТКА НА ЗЕЛЕН КАТАСТАР НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

Заради заштита и одржување на зеленилото на територијата на Општина Вевчани ќе се формира зелен катастар со кој дрвата, грмушките и другите повеќегодишни растенија на територијата на Општина Вевчани ќе се евидентираат според бројот, видот, возраста, состојбата и локацијата. Зелениот катастар ќе овозможи информации за расположливото зеленило, ќе се спречи неконтролираното уништување на зеленилото и ќе се создаат услови за планирање на активности за зголемување на зеленилото на целата територија на Општината.

## ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА.

- Зголемување на капацитетот на постоечките фотоволтаични централи и изградба на нови фотоволтаични централи на јавните објекти за да се добијат целосно енергетски независни институции.
- Промена на системите за греење со нови, поекономични и еколошки поприфатливи технологии во сите јавни објекти: детска градинка, основно училиште, спортска сала, општинска зграда.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ - 100% ПОКРИЕНОСТ СО ШТЕДЛИВО ЈАВНО ЛЕД-ОСВЕТЛУВАЊЕ.



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

- **ВОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКО ТУРИСТИЧКО БИРО**

  Ќе го ставиме во функција новиот туристички центар во центарот на Вевчани со следниве содржини:

  - Музеј за промоција на богатото културно наследство на Вевчани; просторија за презентирање на флората и фауната од споменикот на природата „Вевчански извори“ и планината Јабланица; продавница за сувенири, простории за одржување на настани, конференции, семинари и работилници,теретана и фитнес и др.

- **РАЗВОЈ НА КОНГРЕСЕН ТУРИЗАМ.**
- **Е-МААП (КРЕИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА АПЛИКАЦИЈА).**
- **ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ.**
- **КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СМЕСТУВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ВЕВЧАНИ.**
- **СОЗДАВАЊЕ НА ПРЕДУСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА АКТИВЕН ТУРИЗАМ.**
- **РАЗВОЈ НА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИОТ ТУРИЗАМ.**
- **РАЗВОЈ НА ПЛАНИНСКИОТ ТУРИЗАМ ВО СОРАБОТКА СО ПЛАНИНАРСКИТЕ ДРУШТВА ОД ВЕВЧАНИ.**



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

- **ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ.**
- **ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО РАМКИТЕ НА СПОРТСКО- УЧИЛИШНИОТ КОМПЛЕКС.**
- **ИЗГРАДБА НА ФИТНЕС ЗОНА ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.**
- **РАЗВОЈ И ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ.**
- **НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

  Поддршка на културни настани и манифестации, поддршка на локалните културни друштва и формирање на локален совет за развој на културата во Вевчани).

- **КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА ВЕВЧАНСКО КУЛТУРНО ЛЕТО (ВЕВКУЛ).**
- **КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА КУД „ДРИМКОЛ – ВЕВЧАНИ“ И НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „ПОБРАЖЕЊЕ“.**
- **КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА МЕЃУНАРОДНАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ВЕВЧАНСКИ ВИДУВАЊА“.**
- **КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА САМОСТОЈНИ УМЕТНИЦИ ОД ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.**
- **КОНТИНУИРАНА ТЕХНИЧКА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ВАСИЛИЧАРСКИТЕ ДРУШТВА „ДОМАЛНА – МАЛА“ И “ГОРНА – МАЛА“ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НИВНИТЕ ГОДИШНИ АКТИВНОСТИ.**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КИНОСАЛАТА – ВЕВЧАНИ.**
- **ИЗГРАДБА НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ПРИРОДНИ И КУЛТУРНИ ЗНАМЕНИТОСТИ И ЛОКАЛИТЕТИ.**



# 11. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

- **ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА.**

- **КОНТИНУИРАНА ТЕХНИЧКА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ПЕНЗИОНЕРИ ВЕВЧАНИ**

  за реализација на нивната годишна програма.

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТОТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ЈОУДДГ „ПЛАНИНСКИ ЦВЕТ“ ВЕВЧАНИ**

  (реконструкција на внатрешните ѕидови, комплетна реконструкција и доопремување на кујната, замена на постоечкиот котел на нафта со нови еколошки и енергетски ефикасни топлотни пумпи со технологија вода-воздух).

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДВОРОТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА**

  и набавка на нова опрема за потребите на детската градинка и децата.

- **ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ-СТУДИЈА ЗА ОПРАВДАНОСТА ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ДОМ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА.**

# 12. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

- **РАЗВОЈ НА МАНАСТИРСКИОТ ТУРИЗАМ.**

  Адаптирање и уредување на манастирските локалитети во Општина Вевчани во соработка со Вевчанската парохија, со Општината и со граѓаните на Општина Вевчани.

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ВИДИКОВЦИ**

  на места низ шумските предели на планината Јабланица.

- **РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСТА ЗА ИЗГРАДБА НА ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ**

  за голем фудбал на локацијата старо игралиште м.в. Вердани и формирање на фудбалски клуб „Вевчани“.

- **ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК.**
- **САНАЦИЈА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.**
- **РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ДОТРАЕНИТЕ И ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА ПАРКИРАНИ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ.**
- **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ОД УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ФАКУЛТАТИВНИ ЕКСКУРЗИИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ СТРАШО ПИНЏУР ВЕВЧАНИ.**
- **КРЕИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ФОНД ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ**

  регистрирани на територијата на Општина Вевчани и поддршка на граѓански иницијативи за локално ниво.

- **ПОДДРШКА НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И КРЕИРАЊЕТО НА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО ПРЕКУ ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ,**

  донесување на стратегија за млади, формирање на младински

центар и определување на службеник за млади како посебен сервис за младите од Вевчани.

## ПОКРЕНУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА „ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА“ - ВЕВЧАНИ

како институција која ќе биде надлежна за планирање, организирање и реализирање на проекти и активности од областа на културата во Општина Вевчани.

## ПОДДРШКА И ПРОМОВИРАЊЕ НА АКТИВНОТО ПЛАНИНАРСТВО

Во соработка со Планинарското еколошко друштво ЦЕРН КАМЕН 2257 ќе се реализираат проекти за доопремување на планинскиот дом „Јанков Камен“ со цел подобрување на условите за престој и ноќевање, организирање и промовирање на настан за традиционално искачување на планината Јабланица, субвенционирање на трошоци за набавка на опрема за планинарење, како и субвенционирање на трошоци за учество на организирани настани за планинарење на територијата на целата држава.

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk